Финансирано од Европска Унија

Скопје, 27 март 2024 година

ПОВИК
за ангажирање експерти кои ќе учествуваат во изработката на Стратегијата за дејствување на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници 2024-2028

Теми и насоки за изработка на прилозите:

Договори за вработување на определено време	Што се договорите на определено време? Каква е сегашната законска рамка во врска со договорите за вработување на определено време? Како да се лобира да се промени таа состојба? Кои се максималистичките барања кои треба да ги има ССНМ при застапувањето. Да се истражат сите аспекти и решенија кои би им одговарале на новинарите и медиумските работници. На кој начин, дали преку ЗРО дали преку Законот за медиуми?
Договори за вработување на неопределено време	Каква е содржината на актуелните договори за вработување на неопределено време во медиумската сфера, врз основа на анализа на неколку примери на договори? Дали се содржат сите основни елементи загарантирани со ЗРО и Повелбата за работните услови на новинарите? Кои се слабостите во актуелните договори? Предлози како тоа да се промени и да се дадат препораки за изработка на модел на договор на неопределено време за новинари и медиумски работници.
Работно време и оптоварување	Каква е сегашната состојба во поглед на работното оптоварување на новинарите и медиумските работници (истражување на ССНМ-РЕСИС)? Какви се решенијата во законската легислатива со чија примена може да се избегне преголемо работното оптоварување – работно време, распоред на работното време, право на одмор, право на исклучување, време за подготовка... Важноста на Актот за систематизацијата и Одлуката за распоредот на работното време – дали да влезе како обврска во Законот за медиуми?
Насоки за **застапување за измена на законска регулатива**	Изработка на план за застапување, насоки и чекори кои треба синдикатот да ги презема при акциите за измени на законска регулатива поврзана со новинарите и медиумските работници, односно условите за заштита на нивните професионални и работнички права, како и медиумската сфера генерално. Лобирање за измени на законската регулатива во насока на поддршка на новинарите и медиумските работници со цел подобрување на нивната социо-економска состојба, која е значаен столб во обликуваањето на новинари и медиумски работници со интегритет кои ќе имаат подобри услови за професионално извршување на своите работни задачи.
Зајакнување на синдикалното организирање	Какви се досегашните наоди за перцепциите на новинарите и медиумските работници за работата на ССНМ и синдикатите генералнио? Како може да се подобри имиџот на синдикатот особено на ССНМ, имајќи ги предвид тие наоди, но и искуствата од работата на други синдикати? Какви механизми и пораки треба да се користат за да се убедат новинарите дека сепак може да им се заштитат работничките права? Што е она што недостасува во однесувањето и дејствувањето на ССНМ? Што може да се подобри и како?
Јакнење на внатрешните капацитети на ССНМ	Зајакнување на внатрешните капацитети на ССНМ преку подобрување на правните интерни документи, почнувајќи од статутот.
Механизми за брза реакција на ССНМ	Истражување на начините за воспоставување на механизми за брза реакција на ССНМ во областите кои се утврдени со стратегијата за дејствување на синдикатот. Цел: насоки за воспоставување на механизмите за брза реакција во врска заштита на работничките права, професионалните права, безбедност и здравје при работа и брзи интервенции т.е. јавни реакции при настани со кои е загрозена слободата на изразување, слободата на медиумите, интегритетот на новинарите или работничките права.